**2999.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот заштита на конкуренцијата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 септември 2011 година.

Бр. 07- 4016/1
28 септември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Член 1

Во Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 145/10), во членот 18 став (2) точка 2 зборот „заклучок“ се заменува со зборот „решение“.

Член 2

Во членот 18 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (3) на овој член ги пропишува Комисијата за заштита на конкуренцијата.“

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (5) и (6).

Член 3

По членот 18 се додава нов член 18-а, кој гласи:

„Член 18-а

(1) Решението од членот 18 став (3) од овој закон Комисијата за заштита на конкуренцијата го издава во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето со потребната документација за издавање на решението.

(2) Доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата не го издаде решението, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот утврден во ставот (1) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата заради донесување на решение.

(3) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

(4) Претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (2) на овој член до писарницата на претседателот да донесе решение со кое барањето за утврдување на повреда на правото е уважено или одбиено. Доколку претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

(5) Кон барањето за остварување на правото од ставот (2) на овој член подносителот на барањето поднесува копија од барањето од членот 18 став (3) од овој закон.

(6) Доколку претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата не донесе решение во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(7) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (6) на овој член да изврши инспекциски надзор во Комисијата за заштита на конкуренцијата и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(8) Инспекторот од Државниот управен инспекторат од ставот (7) на овој член по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и за преземените мерки во истиот рок да го извести инспекторот и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

(9) Доколку претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата не одлучи во рокот од ставот (8) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе одлучи по поднесеното барање, за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (9) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (7) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.